# „Аллах е задоволен со вас во три нешта, и мрази три нешта

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллах е задоволен со вас во три нешта, и мрази три нешта: задоволен е за вас да го обожувате Него и да не Му припишувате ништо рамно Нему, и да се држите сите за Аллаховото јаже и да не се разединувате; а го мрази: празното рекла-кажала зборување, претераното поставување прашувања и расипништвото.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека Аллах сака три нешта кај Своите робови, а мрази три нешта. Тој сака: да Го обожуваат исклучиво Него, Единиот, без да Му припишуваат здруженик да се држат цврсто за Аллаховиот завет, за Куранот и за Сунетот на Неговиот пратеник, и да не се разединуваат од заедницата на муслиманите. А го мрази: празното зборување и мешање во она што не ги засега, поставување прашања за нешта што не се случиле, или просење од луѓето без вистинска потреба, како и расфрлање на имотот – трошење во недозволени работи или негово уништување.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee